**УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ**

**Упатството за пациентот содржи:**

1.Што претставува **Pantenol so vitamin C /Пантенол со витамин Ц** и за што се употребува
2.Што мора да знаете, пред да го земете/ употребите лекот **Pantenol so vitamin C /Пантенол со витамин Ц**
3.Како да го земате/ употребувате **Pantenol so vitamin C /Пантенол со витамин Ц**
4.Можни несакани дејства(реакции)
5.Чување и рок на употреба на **Pantenol so vitamin C /Пантенол со витамин Ц**
6.Дополнителни податоци за граничен производ

**PANTENOL so vitamin C /ПАНТЕНОЛ со витамин Ц**
**ориблети**

**1.Што претставува Pantenol so vitamin C /Пантенол со витамин Ц и за што се употребува**

Пантотенската киселина во ткивата влегува во состав на коензимот А, кој е потребен за метаболизмот на јаглените хидрати, масти, белковини и неутрализирање на штетното дејство на некои метаболички производи. Витаминот Ц, во вода растворлив антиоксиданс, учествува во голем број на оксидо-редукциони процеси во организмот и во создавањето на колаген и други делови на врзивното ткиво.Овие процеси овозможуваат учество на пантотенската киселина и витаминот Ц во зачувување на правилното функционирање на здравата слузница и обновувањето на слузницата на устата, грлото, јазикот и непцата.

**Pantenol so vitamin C /Пантенол со витамин Ц** ориблетите се употребуваат за ублажување на потешкотиите настанати после помали повреди или изгореници како и за стимулирање на регенерацијата на слузницата на усната шуплина, грлото, јазикот и непцата при надразувања од различно потекло (тутунски дим, смог). **Pantenol so vitamin C /Пантенол со витамин Ц** ориблетите можат да бидат додаток на антибиотската терапија кај локалните воспалителни процеси на усната шуплина.

**2.Што мора да знаете пред да го земете/употребите Pantenol so vitamin C /Пантенол со витамин Ц**
**Немојте да го земате/употребувате Pantenol so vitamin C /Пантенол со витамин Ц:**
-ако сте преосетливи на било која состојка на граничниот производ

**Бидете посебно внимателни со Pantenol so vitamin C /Пантенол со витамин Ц**
Прекумерната употреба може да предизвика лаксативен ефект.

Граничниот производ не е наменет за деца под 12 години.
Лица кои се нетолерантни на некои шеќери овој производ можат да го користат само после консултација со својот лекар.

**Бременост и доење**
Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да го земете граничниот производ.
Ако сте бремени,планирате бременост или доите,пред да почнете да го земате лекот,посоветувајте се со својот лекар или фармацевт.

**Влијание врз психофизички способности**
Примената на **Pantenol so vitamin C /Пантенол со витамин Ц** ориблетите не влијае на способноста за ракување со моторни возила и машини.

**Земање/употреба на други медицински производи**
**Pantenol so vitamin C /Пантенол со витамин Ц** можат да се користат како додаток на антибиотската терапија кај локалните воспалителни процеси на усната шуплина.

**3.Како да го земате/употребувате Pantenol so vitamin C /Пантенол со витамин Ц**
Возрасни и деца над 12 години: Еднаш дневно, 1 ориблета постепено да се раствори во устата.
Не смее да се надмине препорачаната дневна доза.
Прекумерната употреба може да предизвика лаксативен ефект.
Граничниот производ не може да се користи како замена за разновидна исхрана.

**4.Можни несакани дејства (реакции) на Pantenol so vitamin C/Пантенол со витамин Ц**
Ако приметите било какви несакани дејства,Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.

**5.Чување и рок на употреба на Pantenol so vitamin C /Пантенол со витамин Ц**
Да се чува на температура до 25° C во оригиналното пакување, на суво и темно место.
Да се чува надвор од дофат на деца.

**Рок на употреба**
Не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP • СКОПЈЕ

**6.Дополнителни податоци за граничен производ**
**Состав на граничен производ**

| **Состојки** | **1 ориблета** | **%НРВ*** | **100 g** |
|---|---|---|---|
| Пантотенска киселина (калциум Д пантотенат) | 30 mg | 500 | 3,3 g |
| Витамин Ц (Л-аскорбинска киселина) | 50 mg | 63 | 5,6 g |

**%НРВ***- нутритивна референтна вредност

Останати состојки: сахароза; засладувач: манитол; стабилизатори: поливинилпиролидон, Л-аскорбинска киселина, калциум-Д-пантотенат, стабилизатор: магнезиум стеарат; пченкарен скроб, арома на лимон; малтодекстрин, боја: Е 172, антиоксиданс: винска киселина.

**Изглед на граничен производ и пакување**
Биконвексни ориблети со тркалезена форма и бледо жолта боја.
Картонска кутија со упатство и 2 блистери (Al/PVC-PVC/PVdC) со по 10 ориблети.

**Носител на одобрение за ставање на граничен производ во промет:**
ГАЛЕНИКА ДООЕЛ Скопје, 1000 Скопје, Република Северна Македонија,
Бул. Кочо Рацин бр.14

**Производител:**
Галеника а.д. , Батајнички друм б.б., 11 080 Белград, Република Србија

**Број и датум на упис во Регистарот на гранични производи:**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE • SHKUP • СКОПЈЕ